Врз основа на член 13 став 6 од Законот за ветеринарно здравство (Службен весник на РСМ бр.123/2015) и член 34 од Статутот на Ветеринарната комора на Република Северна Македонија, Извршниот одбор на Комората на 21.06.2023 година, го донесе следниот:

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ОБЛИЦИТЕ НА КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ДОКТОРИТЕ ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат: облиците на континуирано стручно усовршување (во понатамошниот текст-КСУ), критериумите за распоредување на облиците на стручно усовршување и бодувањето на КСУ.

Член 2

КСУ на докторите по ветеринарна медицина (ДВМ) претставува постапка на професионален развој за стекнување на нови знаења и нови практични вештини во период на важење на лиценцата за работа.

Член 3

КСУ се заснова на следнива начела:

1. Вклучување на сите лиценцирани ДВМ;
2. Единственост на ветеринарната доктрина;
3. Научна заснованост и современост преку обезбедување на трансфер на домашните и светските достигнувања;
4. Достапност на облиците на КСУ за сите ДВМ;
5. Слободен избор на формите на КСУ во зависност од потребата и интересот на ДВМ;
6. Неопходност од изучување на нови дијагностички и терапевтски методи и нивно воведување во практиката.

## II.ОБЛИЦИ НА КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Член 4

Облиците на КСУ, претставуваат форми преку кои ДВМ го унапредуваат своето знаење заради остварување на целта од член 2 од овој правилник.

Облиците на КСУ за ДВМ се:

- Курс, работилница, семинар, интерна обука, симпозиум, конгрес, конференција, учество на стручна манифестација, комерцијални предавања;
- Научни звања и стручни квалификации, менторство, учество во проект, научна и стручна рецензија, публикација, студиски престој, учество во изработка на нормативни акти, стручен состанок, учество во програми за имплементација и обезбедување на квалитет.

## III.КРИТЕРИУМ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ОБЛИЦИ НА КОНТИНУИРАНО СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ

Член 5

Критериумите за распределба на облиците на КСУ се објективни мерила за вреднување и бодирање на единечен облик на КСУ.

Облиците на КСУ се вреднуваат и бодуваат по следните критериуми: вид, место на одржување, содржина и времетраење, фактор на соодветност и начин на учество во обликот на КСУ.

Член 6

Постојат следни облици на КСУ во групи:

| **ГРУПА I** | **ФАКТОР НА СООДВЕТНОСТ** |
|---|---|
| 1. **Курс** е организирана обука и учење со дефинирана програма за одредена тема, составена од повеќе облицина едукација: предавања, дискусии, практична работа, лабораториски испитувања со информатичка или друга соодветна подршка (воспоставен мониторинг на квалитет):<br>**а. Курс од прва категорија** е курс во кој е предвидена проверка на знаењето по завршеток на курсот;<br>**б. Курс од втора категорија** е курс во кој не е предвидена проверка на знаењето по завршеток на курсот.<br>2. **Работилница** е тренинг-сесија на мала група партиципиенти (до 15 лица) со цел решавање на одреден проблем низ практична обука, односно демонстрирање методи за практична примена на вештини со активно учество на партиципиентите. Работилницата треба да има работен план, спецификација и соодветен документ за имплементирање;<br>3. **Семинар** е облик на КСУ, во која учесниците разработуваат одредена тема со визуелна, информатичка и пишана поддршка, со можно вклучување на практични вежби;<br>4. **Интерна обука** е обука која се спроведува кај правно лице, а со цел примена на нови знаења и вештини. Динамиката и времето на одржување е според потребите на работното место; Интерната обука треба да има работен план, спецификација и соодветен документ за имплементирање. | до 4 |

| ГРУПА II | ФАКТОР НА СООДВЕТНОСТ |
|---|---|
| 1. **Симпозиум** е облик на научна и стручна едукација во одредена научна област, каде експерти презентираат сознанија за темата на симпозиумот од различен аспект со препораки преку соодветна дискусија;<br>2. **Конгрес** е собир на партиципиенти од една или повеќе земји, на која се расправа за одредени актуелни прашања кои се теми на конгресот а се одржуваат во повеќе сесии;<br>3. **Конференција** е собир на стручни лица посветен на дефинирана тема, а насочен кон најнови научни и друг вид достигнувања поврзани со дефинираната тема;<br>4. **Учество на стручна манифестација-**претставува краткотрајна посета на организирана манифестација, која покрај комерцијални презентации постојат и стручни предавања поврзани со новитетите прикажани на манифестациите;<br>5. **Комерцијални предавања**-претставува кратка еднодневна средба, организирана од страна на економски субјекти, за мала група луѓе на која од стручен аспект се објаснуваат најновите производи, опрема и друг вид добра на соодветниот економски субјект. | до 2 |
| **ГРУПА III** | **ФАКТОР НА СООДВЕТНОСТ** |
| 1. **Научни звања и стручни квалификации** ја опфаќа магистерска и докторска теза, специјалистички дипломи и други звања и квалификации акредитирани од соодветни надлежни органи и тела.<br>2. **Менторство** за време на стаж, опфаќа активности на менторот во процесот на спроведување на пробна работа, но и едукатор и испитувач на специјализанти, магистранти и докторанти.<br>3. **Учество во проект** подразбира активно учество во реализација на соодветната цел која е предмет на проектот, а се остварува согласно проектната документација.<br>4. **Научна и стручна рецензија** претставува давање на научна/стручна оценка на определено дело, труд или различна постапка.<br>5. **Публикација** е труд кој е достапен на јавноста со печатење во стручно или научно списание, компјутерска програма, постер, брошура, прирачник, со усна презентација или преку електронски медиум, учебник или книга.<br>6. **Студиски престој** претставува активна партиципација во одреден временски рок во научна или друг вид ветеринарна институција, регулаторни тела, специјализирани установи, други правни лица во земјата или странство, за добивање искуство, размена на информации, запознавање со новитети или совладување на знаења и вештини.<br>7. **Учество во изработка на нормативни акти** подразбира активно учество во подготовка на законски предлози, правилници, програми и друг вид нормативни акти.<br>8. **Стручен состанок** претставува еднодневна средба организирана од ВКМ, на кои се расправа за одредени актуелни теми и прашања.<br>9. **Учество во програми за имплементација и обезбедување на квалитет** -опфаќа учество во комисии за обезбедување на добра пракса во ветеринарно-медицинската дејност. | до 1 |

Член 7

Според местото на одржување на облиците на КСУ, се делат во 2 групи:

- Облици на КСУ стекнати или одржани во земјата;
- Облици на КСУ стекнати или одржани во странство.

Член 8

Според начинот на акредитирање, облиците на КСУ се делат во 2 групи:

- Облици на КСУ кои се акредитирани од Стручниот одбор на Ветеринарната комора на РСМ, а тоа се облиците наведени во член 4 став 2 алинеја 1 од овој правилник, стекнати или одржани во земјата;
- Облици на КСУ кои не се акредитирани од Стручниот одбор на Ветеринарната комора на РСМ, а тоа се облиците наведени во член 4 став 2 алинеја 1 од овој правилник стекнати или одржани во странство и облиците наведени во член 4 став 2 алинеја 2 од овој правилник без оглед на местото на одржување.

Облици на КСУ кои не се акредитирани од Стручниот одбор на Ветеринарната комора на РСМ, а се организирани во земјата, не се бодуваат.

Член 9

Според начинот на учество на ДВМ во облиците на КСУ од член 4 став 2 алинеја 1 од овој правилник, учеството може да биде активно и пасивно:

- Активно учество е учество со презентирање на сопствен труд во улога на предавач или друг вид на партиципација и се докажува со доказ на учество и примерок од презентираниот труд.
- Пасивно учество е учество на ДВМ во улога на слушатели и се докажува со доставување на доказ за присуство.

## IV.БОДУВАЊЕ НА КСУ

Член 10

Бодувањето на континуираната едукација на ДВМ се врши на следниот начин:

| **Облик** | **Времетраење** | **Бод** |
|---|---|---|
| Пасивно учество на КСУ (во МКД/странство) | 30 минути | 0,4 |
| Активно учество на КСУ (во МКД/странство) | 15 - 45 минути | 0,8 |
| Докторат | | 30 |
| Магистериум | | 20 |
| Специјализација-според национална класификација или меѓународно призната-дипломат | | 25 |
| Менторство | | 15 |
| Учество во проект, научна и стручна рецензија, публикација | | 5 |
| Студиски престој | | 20-25 |
| Учество во изработка на нормативни акти | | 10 |
| Стручен состанок | | 3 |
| Учество во програми за имплементација и обезбедување на квалитет - опфаќа учество во комисии за обезбедување на добра пракса во ветеринарно-медицинската дејност | | 5 |

Стручниот одбор може да оцени програми за обука, како и организирање на посети и презентации, а кои се соодветни за професионална обука. Еден школски час (30 минути) на таква обука е еднаков на 0,4 бодови.

Член 11

Докторот по ветеринарна медицина за продолжување на својата лиценца за работа, треба да се стекне со минимум 100 бодови од посета на различни облици на континуирано стручно усовршување во период од 5 години.

Докторот по ветеринарна медицина води евиденциона картица за учество на КСУ во текот на лиценцниот период. Изгледот на евиденционата картица е составен дел на овој правилник.

Докторите по ветеринарна медицина се должни при поднесување на барањето за продолжување на лиценцата за работа, до Стручно-административната служба на Ветеринарната комора на РСМ да поднесат пополнета евиденциона картица заедно со сертификатите од континуирана едукација (копија и оригинал на увид).

За сертификати за учество на континуирана едукација од настани кои не биле акредитирани од Ветеринарната комора на РСМ, докторите по ветеринарна медицина може да поднесат барање за категоризација и вреднување на облик на стучно усовршување до Стручниот одбор, најдоцна до крајот на месец февруари во тековната година, за посетени настани од претходната година.

Член 12

Докторот по ветеринарна медицина вработен во научно-образовна институција може да поднесе барање до Стручниот одбор на Ветеринарната комора на РСМ за бодување на неговата активност опфатена со други нормативни акти кој ги опфаќаат законските обврски за критериумот и постапките за избор во наставно-научни звања, а кои не се опфатени со овој правилник. Бодувањето ќе се врши врз основа на еквивалентност.

## V.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 13

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за облиците на континуирано стручно усовршување на докторите по ветеринарна медицина од 29.10.2015 година.

Член 14

Овој правилник влегува во сила со денот на неговото донесување. Правилникот се објавува на веб страната на ВКМ.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА**
**ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА НА РСМ**
д-р Жарко Михајлоски

Бр. 02-131/4
26.06.2023 година
Скопје

Образец бр.1

# ЕВИДЕНЦИОНА КАРТИЧКА ЗА КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА НА ДОКТОРИТЕ ПО ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА

ВКМ
ВЕТЕРИНАРНА КОМОРА на Република Северна Македонија | DHOMA VETERINARE e Republikës së Maqedonisë së Veriut



**Име и Презиме :** ____________________________________

**Број на лиценца :** ________________

**Лиценцен период од ___ . ___ 20____ год. до ___ . ___ 20____ год.**

| Ред бр. | Дата | Тип на активност * | Област на активност (на пр. Анестезиологија, ортопедија ) | Каде е реализирана (институција, место, држава) | Часови | Бодови | * тип на активност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | Курс<br>Работилница<br>Семинар<br>Интерна обука<br>Студиски престој<br><br>Симпозиум<br>Конгрес<br>Конференција<br>Учество на стручна манифестација<br>Комерцијални предавања<br>Учество во програми за имплементација и обезбедување на квалитет<br>Учество во подготовка на нормативни акти<br>Стручен состанок<br><br>Научни звања и стручни квалификации<br>Менторство<br>Учество во проект<br>Научна и стручна рецензија<br>Публикација |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |
| 6. | | | | | | | |
| 7. | | | | | | | |
| 8. | | | | | | | |
| 9. | | | | | | | |
| 10. | | | | | | | |
| | | | | **Вкупно часови :** | | | |
| | | | | **Вкупно бодови:** | | | |

Примил одговорно лице : ________________________________

Потпис и печат

Дата: ____________________________

* за секоја наведена активност потребно е да се приложи фотокопија ( и оригинал на увид) од сертификат за учество на континуирана едукација

Образец бр.1

(Место за меморандум)

**Б А Р А Њ Е**
**за категоризација и вреднување на облик на стручно усовршување**

**Од** ______________________________________________________________________

**Адреса**_________________________________**бр.**________**место**__________________

**со Лиценца бр**.________ **со период на важност од** ______________ **до**________________

**Телефон**_______________________ **Е-пошта:**____________________________________

До Стручниот одбор на Ветеринарна комора на Република Северна Македонија - барам категоризација и вреднување на облик на стручно усовршување на настан кој не е акредитиран од страна на Комората:

1. ______________________________________________________________________

   ______________________________________________________________________
   (назив, место и време на одржување на настанот)

2. ______________________________________________________________________

   ______________________________________________________________________
   (назив, место и време на одржување на настанот)

Кон барањето доставувам и:

- Сертификат за учество
- Програма од настан

Датум

___________________

Барател

_____________________